## ГЛАСНИК (списание на Институтот за национална историја), 1/XXVI, Скопје 1982, 269.

Во овој број на Гласникот се застапени следните рубрики: Поводи, Статии, Ликови, Рецензии и прикази и Научни собири.

Рубриката *Поводи содржи* два прилога. Уводниот прилог (с. 7) е од Александар Стојановски и е посветен на животното дело на д-р Александар Матковски, научен советник во ИНИ, и тоа по повод шеесетгодишнината од неговото раѓање. Авторот ја изнесува неговата богата научна дејност почнувајќи од 1952 година па заклучно со 1982 односно 1983 година во која се наоѓаат пет труда во печат. Александар Стојановски за славеникот констатира дека плодната дејност (170 наслови) на Александар Матковски претставува трајна вредност за македонската и светската историска наука.

*Беседа за положбата на македонските црковни општини во прекуокеанските* земји од митрополитот американско-канадски Кирил (с. 27) е вториот прилог во оваа рубрика. Всушност тоа е предавање одржано на Студиски ден во ИНИ на 17 март 1982 година. Во беседата станува збор за одгласот и значењето на возобновувањето на македонската православна црква во македонските заедници во прекуокеанските земји, за формирањето на македонските православни црковни општини, за организационото устројство на македонските православни црковни општини во странство и за значењето на македонската православна црква за животот и работата на македонските православни црковни општини. Авторот на крајот констатира дека Македонците во прекуокеанските земји сѐ повеќе го осознаваат својот национален идентитет, дека тамошните власти особено ги ценат, па така тие стануваат мост на пријателство меѓу Стариот крај и земјата што ги прифатила.

Во рубриката *Статии* како прв прилог е поместен трудот на Александар Матковски под наслов *Османска, Османлиска или Турска империија* (с. 41). Изнесувајќи го развитокот на турската држава, и јазикот и литературата, авторот се залага да биде прифатен терминот турска држава, турски јазик, турски фолклор, а не терминот османлиски или отомански бидејќи зборот „турк" имал секогаш етнички карактер додека зборовите „османски" или „отомански" секогаш ја означувале династијата и владеачката класа која се собирала околу династијата.

*Продорот и операциите на 18 -тата бригада на ДАГ на подрачјето на Синиачко* (с. 61) е прилог на Ристо Кирјазовски. Во прилогот авторот ја изнесува наредбата на ГШ на ДАГ за формирање на 18-та бригада на ДАГ. Бригадата била составена исклучително од Македонци и истата требало да претставува јадро за формирање на засебна македонска војска во состав на ДАГ. На бригадата ѝ било определено и местото за дејствување и тоа подрачјето на планината Синиачко. Во наредбата биле конкретизирани и задачите што бригадата тре-

бало да ги исполнува. Авторот констатира дека сите поставени задачи бригадата ги исполнила со успех но не целосно — регрутирањето на нови борци.

Драго Боровчанин пишува на тема: *Септемвриските прописи и развитокот на народната власт во Југославија во втората половина на 1942 година* (с. 73). Во прилогот авторот го анализира развитокот на органите на револуционерната народна власт, со посебно истакнување улогата на Моша Пијаде како во донесувањето на Септемвриските прописи, така и во нивното спроведување во дело. На крајот авторот подвлекува дека таа активност мошне позитивно се одразила во натамошниот развиток на НОВ и револуцијата на целата територија на Југославија.

*Британските воени мисии во Вардарска Македонија за време на НОБ* е прилог на Данчо Зографски (с. 91). Во статијата врз основа на новопронајдени документи и архивски податоци од домашна и странска (британска) провениенција се расветлуваат редица околности во врска со доаѓањето и дејноста на британските воени мисии во Вардарска Македонија за верме на Втората светска војна. Д. Зографски во статијата особено ја прикажува улогата на британските мисии при ГШ на НОВ и ПОМ, која дала придонес во борбата за ослободувањето на земјата.

Михаило Миноски во *Прилог кон прашањето за политичката активност на македонското прогресивно иселеништво во Соединетите Американски Држави до 1931 година* (с. 111) ги изнесува ставовите и активноста на македонското прогресивно иселеништво во Соединетите Американски Држави до 1931 година, поддржувајќи ја дејноста на македонското народноослободително и револуционерно движење залагајќи се за ослободување на македонскиот народ и за создавање на независна македонска држава.

*Прилог кон активноста на КПЈ и ВМРО (автономисти) во Битолскиот округ во текот на 1920 година до изборите за Конституантата* (с. 141) е од Јован Јанев, кој врз основа на бројна позната и нова архивска документација и историографска литература го осветлува овој интересен и значаен период од историјата на нашето работничко и комунистичко движење.

Народните библиотеки, читалните и другите прогресивни друштва во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни преку разни форми на работа одиграле значителна културно-просветна и политичка улога меѓу широките народни маси. Тоа е содржината на статијата под наслов *Културно-просветната и политичката улога на библиотекарството во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни* (с. 157), чиј автор е Михајло Георгиевски.

Врз основа на странските конзулски статистички извештаи до своите влади Крсте Битоски во *Прилог кон прашањето за бројот и националниот состав на населението во Македонија во почетокот на XX век* (с. 181) ја изнесува бројната состојба и националниот состав на населението во Македонија кон крајот на XIX и почетокот на XX век.

Миомир Дашиќ пишува на тема: *Односот на црногорското јав-*

*но мислење кон Илинденското востание* (с. 205). Авторот истакнува дека црногорскиот народ преку весникот „Глас Црногорца" правилно бил информиран за настаните во Македонија под турското владеење. Весникот заедно со официјалните кругови на Црна Гора се залагал за праведно решевање на македонското национално прашање.

*Извештај на Карл Ингвар Нандруп од Скопје од 16 мај 1904 година* (с. 231) е напис од Благој Стоичовски. Во написот авторот подвлекува дека европската и светската јавност биле заинтересирани за настаните во Македонија по Илинденското востание. За таа цел тие испраќале голем број свои претставници: кореспонденти, агенти, конзули, офицери и др. Еден од таквите офицери, испратен во Македонија од Норвешко-шведската унија бил и Карл Ингвар Нандруп, кој бил доделен како инструктор во турската жандармерија. Благој Стоичовски изнесува дека споменатиот офицер испратил до Оскар II, кралот на Норвешко-шведската унија, извештај од 7 страници во кој верно ги прикажува тогашните прилики во Македонија по Илинденското востание.

Апостол Керамитчиев ја обработува темата под наслов: *Нумизматичка оставина на златни монети од село Секулица* (с. 241). Во статијата авторот изнесува дека во с. Секулица, Кратовско, од страна на тројца работници во рудникот „Силекс" се откриени златни монети од V и VI век т.е. од времето на четворицата византиски владетели: Зенон, Анастасиј, Јустин I и Јустинијан II. За жал поголемиот дел од пронајдените златни монети работниците ги распродале, а останале само 159 монети (солиди и тремизи) кои денес се чуваат во Археолошкиот музеј во Скопје.

Рубриката *Ликови* содржи еден прилог под наслов: *Прилог кон биографијата на револуционерот Димко Митрев* од Ѓорѓи Малковски. Како најпрво авторот ги дава биографските податоци за 23-годишниот младинец од Велес Димко Митрев. Тој во продолжение го следи неговиот животен пат и револуционерен развој така што станува дури и член на Месното партиско раководство во Велес. Потоа се редат неговите партиски активности во градот и надвор од него во кои се истакнува неговата особена храброст, за на крај трагично да загине од пеколната машина која експлодирала во неговата куќа, а со која требало да изврши диверзија на возот што сообраќал на релацијата Атина-Берлин, полн со германски офицери.

Во рубриката *Рецензии и прикази* (с. 261) застапени се 11 рецензии и прикази на публикации објавени во текот на 1980, 1981 и 1982 година.

Рубриката *Научни собири* содржи две известувања за одржани симпозиуми. И двата симпозиума се одржани во 1982 година и тоа првиот по повод 120-годишнината од смртта на браќата Миладиновци и вториот по повод 100-годишнината од смртта на Јордан Хаџи Константинов — Џинот.

Материјалите и од овој број на Гласникот мошне корисно ќе им послужат на историографите.

Ксенија ЏИДРОВА-МАКЕДОНСКА